# Предизвиците за Ромите за време на кризата предизвикана од КОВИД-19

— КРАТОК ОСВРТ —

Институт
за
европска
политика.
Скопје

# Предизвиците за Ромите за време на кризата предизвикана од КОВИД-19

– краток осврт –

Издавач:
Институт за европска политика - Скопје

Уредничка:
Д-р Симонида Кацарска

Автор:
М-р Исмаил Камбери

Рецензентка и развивање на родова и интерсекциска анализа:
Д-р Биљана Котевска

Графички дизајн:
Релатив

Скопје, мај 2020 година

CIVICA MOBILITAS

Оваа публикација е овозможена со поддршка на програмата на ЦИВИКА мобилитас. Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

# Содржина:


| | |
|---|---|
| Вовед: КОВИД-19<br>во Република Северна Македонија | 4 |
| Право на образование:<br>Продлабочување на јазот | 5 |
| Право на здравје:<br>Ескалирано исклучување на Ромите | 6 |
| Право на работа:<br>Ограничени услови за дневна<br>заработувачка | 8 |
| Слобода на движење:<br>Расно профилирање | 9 |
| Основни услови за остварување<br>на правата и слободите:<br>Децениски проблем на непоседување<br>на лични документи | 9 |
| Активности на донатори<br>и невладини организации | 10 |
| Заклучок | 11 |
| Препораки | 12 |
| Библиографија | 13 |

# Вовед: **КОВИД-19** во Република Северна Македонија

Светската пандемија ги помести општествените текови во Република Северна Македонија во која КОВИД-19 ја затекна државата во состојба на предизборен период и распуштено собрание. Првиот случај на заболен беше регистриран на 26 февруари[1], а веќе до 29 април беа забележани 1.465 потврдени случаи.[2] Во меѓувреме, по првпат во историјата на земјата, на 18 март беше донесена првата одлука[3] за прогласување на вонредна состојба на територијата на целата држава врз основа на која се носеа уредби со законска сила на примена. Втората одлука беше донесена на 17 април.[4] Иако уредбите беа донесени во насока на зачувување на здравјето на граѓанките и граѓаните, сепак тие (ин)директно влијаеја негативно врз економијата[5], а со тоа го доведоа во прашање квалитетот на живот на граѓанките и граѓаните, но и задоволувањето на егзистенцијалните потреби на најранливите категории. Дел од најранливите категории се и граѓанките и граѓаните од ромската етничка заедница, кај која сè уште постојат дискриминацијата, сиромаштијата и исклученоста.[6] Последиците од КОВИД-19 особено ги погоди тие што преживуваат од дневна заработувачка во неформалната економија, кои живеат во супстандардни услови и кои немаат обезбедено средства за достоен живот.

Во овој документ за јавни политики ги анализираме досегашните последици од КОВИД-19 врз ромската популација со осврт на правото на образование, правото на здравје, правото на работа, слободата на движење, основните услови за остварување на правата и слободите и активностите на донаторите и невладините организации за време на вонредната состојба. На крајот се споделени препораки категоризирани во секоја област наведена во документот.

1 iportal.mk, „Прв случај на коронавирус во РСМ“ (26 февруари 2020) <https://iportal.mk/makedonija/video-vo-zhivo-prv-sluchaj-na-korona-virus-vo-rsm/> пристапено на 11 мај 2020.

2 „Состојба со КОВИД-19 во Северна Македонија и светот 29.4.2020“ (29 април 2020) <https://www.iph.mk/%d1%81%d0%be%d1%81%d1%82%d0%be%d1%98%d0%b1%d0%b0-%d1%81%d0%be-covid-19-%d0%b2%d0%be-%d1%81%d0%b5%d0%b2%d0%b5%d1%80%d0%bd%d0%b0-%d0%bc%d0%b0%d0%ba%d0%b5%d0%b4%d0%be%d0%b-d%d0%b8%d1%98%d0%b0-%d0%b8-7/> пристапено на 13 мај 2020.

3 Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија за период од 30 дена, 2020 (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 68).

4 Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 104/20).

5 Ружица Фотиновска, „Вкупните приходи во буџетот во април намалени за 38,15%“ (12 април 2020) <https://www.24.mk/details/vkupnite-prikho-di-vo-budzetot-vo-april-namaleni-za-38-15> пристапено на 23 април 2020.

6 Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, „Ромите се меѓу најранливите групи во состојба на пандемија“ (8 април 2020) <https://makfax.com.mk/makedonija/%D1%85%D0%B5%D0%B-B%D1%81%D0%B8%D0%BD%D1%88%D0%BA%D0%B8-%D0%BA%D0%BE%D0%BC%D0%B8%D1%82%D0%B5%D1%82-%D1%80%D0%BE%D0%BC%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D1%81%D0%B5-%D0%B-C%D0%B5%D1%93%D1%83%D0%BD%D0%B0%D1%98%D1%80/> пристапено на 11 мај 2020.

# Право на образование: Продлабочување на јазот

Во состојба на епидемија првично беа погодени децата Роми во поглед на правото на образование. Имено, Владата на 24 март донесе уредби со законска сила за примена на законите за основно и за средно образование[7], што предвидуваат наставите во основните и во средните училишта да се организираат преку „далечинско учење, односно учење од дома, со примена на средства за електронска комуникација“.[8] Далечинското учење од дома претставува учење што налага ученикот, односно неговите родители да имаат пристап до електрична енергија и да поседуваат електронски уред и солиден интернет-пристап што ќе овозможат ученикот да ја следи наставата и да биде активен за време на часовите. Сепак, 3% од ромските домаќинства немаат пристап до електрична енергија (најмногу во Шуто Оризари, Виница и Кавадарци),[9] 38% немаат пристап до интернет, а 51% немаат компјутер (95% имаат мобилни телефони).[10]

Дури и да е исполнет овој технички услов, повторно не значи дека ученичките и учениците ќе можат непречено да ја следат наставата, бидејќи за ова се потребни и просторни услови. Но, 36% од ромските домаќинства живеат во објекти помали од 50 м$^2$,[11] што значајно може да влијае врз квалитетот на следење на наставата на детето. Проблем се јавува и кај оние деца од семејства кои не поседуваат и не можат да си дозволат да поседуваат компјутер/таблет и интернет-пристап за да ја следат наставата. Со оглед на фактот што во Република Северна Македонија средното образование е „задолжително за секој граѓанин, под еднакви услови“[12], сепак условите предвидени со Уредбата ги става во понееднаква положба посиромашните граѓанки и граѓани во поглед на другите. На пример, во едно од најголемите училишта во државата, „Браќа Рамиз-Хамид“ во Шуто Оризари, од вкупно 2.047 ученици, околу 1.000 не можат да ја следат наставата, бидејќи немаат електронски уреди и пристап до интернет.[13] Поради фактот што јазот во писменоста кај Ромите и нeромите е голем,[14] проблемот со далечинското учење од дома кај децата Роми дополнително се комплицира со тоа што за многу од работата се очекува родителите да им помагаат на децата со задачите.

Правото на образование на момчињата и девојчињата ќе биде, сепак, различно загрозено. Со оглед на големата родова определеност во врска со давањето грижа,[15] во услови на пандемија очекувано е дека зголемената потреба за нега што може да произлезе директно од пандемијата или индиректно поради ограничувачките услови наметнати со мерките за нејзино справување, ќе падне врз грбот на жените и девојчињата. Ова ќе ги оттргне девојчињата од можноста за исполнување на обврските во врска со училиштето. Дополнително, на глобално ниво, стапката на девојчиња кои имаат пристап до интернет е за 12 проценти во однос на момчињата,[16] па така може да се очекува дека следењето настава преку дигитална технологија повеќе ќе ги исклучи девојчињата. Оваа исклученост е дополнително зголемена ако се земе предвид погореспоменатиот мал пристап до дигитална технологија кај Ромите.

7 Уредби со законска сила за примена на Законот за основно образование и Законот за средно образование, 2020 (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 76/20).
8 Ibid.
9 AECOM International Development Europe SL, „Извештај за социјално мапирање“ (2019) <http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti/2019/Social%20mapping%20report%20final_Macedonian.pdf> пристапено на 24 април 2020.
10 Ibid., стр. 59.
11 AECOM International Development Europe SL (n 11).
12 Закон за измена и дополнување на Законот за средното образование, 2007 (Службен весник на Република Македонија, бр. 49/07).
13 Сребра Ѓорѓијевска, „Изјава на Алвин Салимовски, директор на училиштето 'Браќа Рамиз-Хамид'“ (22 април 2020) <https://deca.mk/rechisi-1-000-uchenitsi-vo-braka-ramiz-hamid-vo-shuto-orizari-se-izolirani-od-nastava-drugata-polovina-koristat-zum/> пристапено на 23 април 2020.
14 Институт за човекови права, „Право на образование на децата Роми со посебен фокус на девојчињата Ромки“ (2016) <https://www.ihr.org.mk/pub/obrazovanie.pdf> пристапено на 11 мај 2020.
15 „Кој се грижи за негувателките и негувателите? Унапредување на применетите политики за неформална долготрајна нега“ <https://epi.org.mk/docs/Policy_brief[MK].pdf>.
16 United Nations Children's Fund, „Discussion Paper Series: Children's Rights and Business in a Digital World. Access to the Internet and Digital Literacy“ (2017) <https://www.unicef.org/csr/css/UNICEF_CRB_Digital_World_Series_ACCESS.pdf> пристапено на 12 мај 2020.

# Право на здравје: Ескалирано исклучување на Ромите

Еден од главните предизвици за време на пандемијата е и правото на здравје за поранливиот дел од ромската заедница. Уредбите за ограничување на движењето на граѓаните и ограничувањето на јавниот превоз исто така влијаат до пристапот до здравствените институции. Имено, оддалеченоста на најблиската болница за 27% од Ромите изнесува два километра,[17] а домовите на околу 12% од ромските домаќинства немаат пристап до асфалтен пат.[18] Па, така, оддалеченоста станува дополнителен предизвик како за најитните случаи така и генерално за одржувањето на здравјето за време на пандемијата.

Пристапот до чиста вода за пиење, средства за лична хигиена и одржување на чистотата во домовите се основни детерминанти за одржувањето на доброто здравје, а уште повеќе во овој период кога, според препораките од Министерството за здравство, дезинфицирањето на домовите и вниманието на хигиената треба да се уште поголеми. Но, околу 10% од ромските домаќинства во земјава, а најмногу во Шуто Оризари, Прилеп и Куманово, немаат вода за пиење во внатрешноста на нивните домови, додека во 18% од домаќинствата немаат пристап до канализациски систем.[19] Во дел од градовите постојат и диви населби што поради локацијата или нелегалноста на нивните домови, овие домаќинства имаат пристап до вода само во надворешноста на нивните домови, реки или јавни чешми.[20] Лошите услови во кои живеат дел од Ромите придонесува и до недоволната грижа за лична хигиена.[21] Недостигот на финансиски средства и живеењето под прагот на сиромаштијата придонесуваат кон неможноста за обезбедување на основните продукти за хигиена и во домаќинството. Следствено, Ромите во поглед на здравјето во време на пандемија можат да бидат поподложни кон заразата од преостанатите категории граѓани.

Како дополнителна заштита за време на пандемијата е посочено и носењето маски и ракавици кога се влегува во затворен простор со повеќе луѓе, како што се маркети, банки, пазари и слично. Во оваа насока, Владата на 22 април донесе Уредба[22] со која на сите лица кои се движат надвор од своите домови им се наложи задолжително да носат лична заштита, што подразбира покривање на лицето и устата преку маски, свилени марами, шал и слично. Дополнително, Владата предвиде и глоби во висина од 20 евра во денарска противвредност за физички лица кои ќе бидат затекнати без лична заштита. За време на пандемијата една маска достигна цена на чинење од 30 денари[23], што претставува значајно оптоварување на семејниот буџет на многу граѓани, особено на Ромите кои живеат во супстандардни услови што ја наметнува обврската на Владата да предвиди бесплатни маски за целото население, а особено за најранливите категории. Засега, 100.000 бесплатни маски беа обезбедени за граѓаните од Прилеп, Куманово и Тетово[24] како градови со повеќе заболени граѓани, но останува да се види колку од нив ќе бидат дистрибуирани на најпотребните семејства и дали Владата во иднина ќе обезбеди бесплатни маски на ниво на целата територија.

17 AECOM International Development Europe SL (n 11).
18 Ibid.
19 AECOM International Development Europe SL (n 11).

20 Немањето пристап до вода виде и своја судска разрешница во Прилеп кога Апелацискиот суд во Битола во декември 2019 година утврди дискриминација врз жители од ромска населба во Прилеп врз основа на етничка припадност, бидејќи Општина Прилеп и ЈКП Водовод Прилеп не им обезбедиле пристап до чиста вода за пиење. Извор: Апелациски суд Битола, „Број на предмет: ГЖ-1671/19".
21 Рома СОС Прилеп, „Наративот за здравјето на Ромите: Навиките се менуваат доколку перцепцијата за проблемите се промени во релацијата пациент – здравствен работник!" (2017) <http://romasosprilep.org/wp-content/uploads/2017/09/Javen-dokument_MK.pdf> пристапено на 24 април 2020.
22 Уредба со законска сила за носење лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од коронавирусот КОВИД-19 и заштита на населението за време на вонредна состојба, 2020 (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 107/20).
23 telma.com.mk, „Заштитните маски достигнаа цена од 30 денари" (28 февруари 2020) <https://telma.com.mk/zashtitnite-maski-dostignaa-tsena-od-30-denari/> пристапено на 27 април 2020.
24 nezavisen.mk, „Обезбедени 100.000 бесплатни маски за граѓаните на Куманово, Прилеп и Тетово" (25 април 2020) <https://nezavisen.mk/obezbedeni-100-000-besplatni-maski-za-gragjanite-na-kumanovo-prilep-i-tetovo/> пристапено на 27 април 2020.

Во однос на пристапот до здравствени услуги за ранливите категории за време на вонредна состојба, Владата донесе Уредба[25] со која им овозможува на сите лица кои не се задолжително здравствено осигурени да имаат можност „во здравствените установи да користат здравствени услуги поврзани со дијагностицирање и лекување од коронавирусот КОВИД-19 на товар на средствата на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија". Ова решение го адресира проблемот на оние лица кои се невработени за време на вонредната состојба или чиишто егзистенцијални потреби се задоволуваат преку неформалната економија. Ова ќе биде особено значајно за Ромките. Имено, и пред пандемијата, постоеше проблем со диспропорционално голема невработеност на Ромките; евидентирани се 4.804 невработени Ромки од кои 1.547 живеат на територијата на Град Скопје.[26]

Ова укажува на повеќекратна исклученост и дискриминација на Ромките врз основа на род и етничка припадност, што во нивниот случај најчесто се манифестира како интерсекциска дискриминација, меѓу другото и во пристап до здравствени услуги. Овој проблем се манифестира и во врска со пристап до здравствени услуги во врска со сексуалното и репродуктивното здравје. И пред пандемијата, овој пристап беше повторно ограничен по регресот во Шуто Оризари. Имено, од 22 јануари повторно нема гинеколошка ординација, каде што жителките на Шуто Оризари би имале свој матичен гинеколог, со што директно се загрозува нивното здравје.[27] Во сегашните услови на пандемија, кога јавниот превоз и часовите на движење се ограничени, пристапот до овие услуги за овие жени е дополнително отежнат, ако не и направен невозможен. Во овој контекст, според истражувањата направени од Иницијатива на жени од Шуто Оризари, само 14% од анкетирани 195 Ромки знаат каде да се обратат доколку почувствуваат симптоми на вирусот.[28]

Но, ситуацијата не е подобра и во другите места на државава. И пред пандемијата имаше многубројни известувања за дискриминација, па дури и насилство врз жени Ромки кои побарале гинеколошки здравствени услуги.[29] Дополнително, истражувањата покажуваа дека 57% од жените Ромки платиле за преглед кај матичен гинеколог, иако овие прегледи треба да се вршат бесплатно.[30]

На 31 март родилка од Охрид, заедно со нејзиното новороденче, починаа на Клиниката за гинекологија и акушерство во Скопје, откако претходно три дена чекала да ја примат лекарите во гинеколошката клиника во Охрид, за да се породи. Родилката била 37-годишна Ромка, која живеела во супстандардни услови. Во периодот од 26 до 29 март, иако таа континуирано се жалела на болки и барала да ја примат во болницата, лекарот континуирано ѝ велел дека не е подготвена за породување, што укажува на системска дискриминација поради нејзиниот социјален статус и боја на кожата. Откако дошла на 31 март во болницата во Охрид, поради влошената состојба, таа веднаш била префрлена во Скопје, каде што чекала шест часа за да ги добие резултатите од тестот за позитивност на КОВИД-19, што се покажал негативен.[31] Сепак, по оперативниот зафат родилката починала заедно со нејзиниот плод. Оваа ситуација јасно покажува дека детерминантите за пристрасно постапување од страна на институциите се засилени за време на кризата предизвикана од КОВИД-19, што само ја нагласува нееднаквоста во постапување на институциите врз основа на боја на кожата, етничка припадност и социјален статус. Во состојба кога системот е разнишан, перцепцијата кај институциите за тоа кој е „вреден" да се услужи е изместена низ призмата на етничките и класните разлики.

25 Уредба со законска сила за примена на Законот за здравственото осигурување за време на вонредна состојба, 2020 (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 92/20).
26 Агенција за вработување на Република Северна Македонија, „Преглед на невработени лица според националната припадност со состојба на 31.03.2020 година" <https://av.gov.mk/content/Statisticki%20podatoci/Март%202020/03nacionalnost032020.xls.pdf> пристапено на 28 април 2020.
27 Alsat-m.tv, „Шутка остана без гинеколог, побегна во Ченто" (24 јануари 2020) <https://www.alsat-m.tv/mk/шутка-остана-без-гинеколог-побегна-во/> пристапено на 28 април 2020.
28 Извор: Иницијатива на жени од Шуто Оризари.
29 „Тие двете сестри цело време ме навредуваа и ми забележуваа за моето викање и само во еден момент едната од нив ме удри со шлаканица", mkd.mk, „Еве што значи да си Ромка и да се пораѓаш во државна клиника" (25 јуни 2016) <https://www.mkd.mk/makedonija/eve-shto-znachi-da-si-romka-i-da-se-poragjash-vo-drzhavna-klinika> пристапено на 13 мај 2020.
30 Иницијатива на жените Ромки од Шуто Оризари, „Среќен 8 Март" (6 март 2020) <https://www.facebook.com/watch/?v=2526010200999119> пристапено на 28 април 2020.
31 European Roma Rights Centre, „9 Month Pregnant Romani Woman Dies After Waiting Six-Hours For COVID-19 Test Results to Get Emergency Care" (6 April 2020) <http://www.errc.org/news/9-month-pregnant-romani-woman-dies-after-waiting-six-hours-for-covid-19-test-results-to-get-emergency-care?fbclid=IwAR02ttx4u4nqsyNF6Yc9EnrFV3AMnhIe15uz-PQ33HIAowNMS1IFeQzjRtE> пристапено на 28 април 2020.

# Право на работа: Ограничени услови за дневна заработувачка

Околу 40% од Ромите во земјата се вклучени во неформалниот начин на заработка.[32] Ваквиот начин на преживување врз основа на дневна заработувачка ги прави ранливи и во нормални услови на движење на општествените текови. Во услови на епидемија, Владата донесе одлуки што го ограничија правото на движење на граѓаните на ниво на целата територија. Првата таква одлука за забрана и посебен режим на движење беше донесена на 22 март[33], со која се забрани движењето на граѓаните во временскиот период од 21 до 6 часот следниот ден. Веќе на 25 март Владата донесе одлука[34] со која го забрани движењето за време на викендите во временскиот период од 16 до 5 часот, за потоа да се воведат поригорозни мерки на шести април со забрана на движење секој работен ден од 16 часот до 5 часот наутро следниот ден.[35] Ваквите ограничувања на движење, заедно со препораките на Владата за физичко дистанцирање, значително го отежни задоволувањето на егзистенцијалните потреби. Следствено, собирачите на пластика и железо се соочија со намалена дневна заработувачка поради помалиот временски простор што им е оставен за движење и поради застојот на економските текови во однос на откупување на тоа што го собираат.

32 Romalitico, „Eu Progress Report – Roma Integration in North Macedonia 2019".
33 Одлука за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 72/20).
34 Одлука за дополнување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, 2020 (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 78/20).
35 Одлука за изменување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, 2020 (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 92/20).

Погодени се и сезонските работници на кои им е оневозможено мигрирањето во странство поради затворањето на аеродромите во државата[36], но и затворањето на границите на шенген-зоната за државјани на трети земји.[37] Во услови кога се проектира пад на БДП од 4%,[38] дополнително негативни импликации имаат и оние што се вклучени во неформална продажба на улица, тезги и слично. Тоа се должи на проекциите што предвидуваат значително намалување на профитот на фирмите, вработеноста и потрошувачката на граѓаните, а следствено и промена на однесувањето на трошењето на парите на граѓаните во однос на штедење на нивните пари и консумпција исклучително на основни продукти во маркетите.[39] За да ја олесни состојбата на овие лица, Владата во својот втор пакет на економски мерки за справување со кризата донесен на 31 март,[40] за лицата без работен ангажман или лица кои биле дел од неформална економија предвиде надоместок од 7.000 денари по домаќинство за месеците април и мај. Според проценките на Владата, оваа мерка би имала опфат од 20.000 нови домаќинства и 30.000 постојни корисници.

Дополнителен аспект е и исклучителниот начин на кој кризата ќе ги погоди жените Ромки. Имено, покрај тоа што се диспропорционално повеќе погодени од проблемот со невработувањето, оние Ромки кои се вработени најчесто работат во трговијата и во хигиенските услуги.[41] Работничките и работниците кои ги даваат овие услуги се, всушност, во првите редови на соочување со КОВИД-19 и се на дневна основа изложени на можна инфекција. Со тоа, ранливоста на најголем дел од вработените Ромки во земјава е, всушност, дополнително зголемена во време на кризава.

36 Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, 2020 (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 66/20).
37 slobodnaevropa.mk, „ЕУ ги затвори границите за државјани од трети земји" (17 март 2020) <https://www.slobodnaevropa.mk/a/30493710.html> пристапено на 24 април 2020.
38 International Monetary Fund, „Republic of North Macedonia: Request for Purchase Under the Rapid Financing Instrument-Press Release; Staff Report; and Statement by the Executive Director for the Republic of North Macedonia" (21 April 2020) <https://www.imf.org/en/Publications/CR/Issues/2020/04/16/Republic-of-North-Macedonia-Request-for-Purchase-Under-the-Rapid-Financing-Instrument-Press-49340> пристапено на 24 април 2020."plainCitation":"International Monetary Fund, 'Republic of North Macedonia : Request for Purchase Under the Rapid Financing Instrument-Press Release; Staff Report; and Statement by the Executive Director for the Republic of North Macedonia' (21 April 2020
39 Ibid."URL":"https://www.imf.org/en/Publications/CR/Issues/2020/04/16/Republic-of-North-Macedonia-Request-for-Purchase-Under-the-Rapid-Financing-Instrument-Press-49340","author":[{"family":"International Monetary Fund","given":""}],"accessed":{"date-parts":[["2020",4,24]]},"issued":{"date-parts":[["2020",4,21]]}}}],"schema":"https://github.com/citation-style-language/schema/raw/master/csl-citation.json"}
40 Влада на Република Северна Македонија, „Владата го донесе вториот пакет економски мерки за справување со кризата за да се сочуваат колку што може повеќе работните места на граѓаните и да му се помогне на стопанството" (31 март 2020) <https://vlada.mk/node/20813> пристапено на 24 април 2020.
41 AECOM International Development Europe SL (n 11), стр. 20.

# Слобода на движење: Расно профилирање

Владата го задолжи Министерството за внатрешни работи „на секое лице кое ги напушта границите на Република Северна Македонија да му даде да потпише лична изјава со која ќе се обврзе во следните три месеци да не се врати назад во Република Северна Македонија“.[42] Изјавата и привремената забрана за граѓанин на земјата да се врати во земјата, иако претставува исклучок предвиден во член 27 од Уставот[43], сепак тоа претставува недостиг на грижа за сопствените граѓани. Владата оваа состојба ја олесни кога на 21 март воведе мерка строга изолација (карантин) од 14 дена за граѓаните кои влегуваат низ граничните премини на државата[44], откако претходно на 17 март смести во групен карантин девет Роми, додека преостанатите 300 патници кои тој ден влегле во државата потпишале само изјава за самоизолација.[45] Овие лица објавија видеозапис од касарната во Пепелиште, каде што се гледаат бубачки во собата, влага и нехигиенски услови. Дополнително, на коментарите од видеозаписот во голем дел може да се забележи говор на омраза врз етничка основа.[46] Ваквото селективно постапување и расно профилирање на сопствените граѓани претставува кршење на Меѓународната конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација.[47]

42 „Одлуки од 22. седница на Владата: Владата предложи Собранието на Република Северна Македонија да утврди постоење на вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија заради спречување на внесување, ширење и справување со коронавирус“ (18 март 2020) <https://vlada.mk/node/20588> пристапено на 24 април 2020.

43 Секој граѓанин има право да ја напушти територијата на Републиката и да се врати во Републиката. Остварувањето на овие права може да се ограничи со закон, единствено во случаите кога е тоа потребно заради заштита на безбедноста на Републиката, водење на кривична постапка или заштита на здравјето на луѓето.

44 Уредба со законска сила за примена на Законот за заштита на населението од заразни болести за време на вонредна состојба, 2020 (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 72/20).

45 irl.mk, „Од 300 луѓе кои минале на Деве Баир, само 9 Роми се однесени во групен карантин“ (20 март 2020) <https://irl.mk/od-300-lue-koi-minale-na-deve-bair-samo-9-romi-se-odneseni-vo-grupen-karantin/> пристапено на 24 април 2020.

46 Телевизија 24, „Во карантинот во Пепелиште нема хигиенски услови“ (17 март 2020) <https://www.youtube.com/watch?v=mzZaJgXtKpk&feature=emb_title> пристапено на 27 април 2020.

47 Обединети нации, „Меѓународна конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација“ <http://healthrights.mk/pdf/Pravnici/Megjunarodni%20dokumenti%20i%20mehanizmi%20za%20zastita%20na%20covekovite%20prava/ON/6-%20Конвенција%20за%20елиминирање%20на%20сите%20форми%20на%20расна%20дискриминација.pdf> пристапено на 24 април 2020.

# Основни услови за остварување на правата и слободите: Децениски проблем на непоседување на лични документи

Околу 750 лица[48] кои живеат со генерации во државата, а се претежно од ромска националност, не се впишани во матичната книга на родените. Следствено, тие не можат да извадат документи за лична идентификација поради што не ги исполнуваат основните критериуми, како што се поседување на лична карта за аплицирање на кои било услуги или мерки што ги нуди државата. Иако Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родените[49], што нуди решение за овие лица, беше изгласан во февруари 2020 година, сепак надлежните институции сè уште не се административно подготвени со подзаконски акти да ги впишат овие лица во посебните регистри согласно законот. Овие лица се најпогодени од кризата врз основа на фактот што не можат да бидат корисници на ниту една мерка воведена за време на вонредната состојба, освен за мерката за бесплатно тестирање и третман од КОВИД-19. Дополнително, хуманитарните пакети се единствената неформална мерка што можат да ја користат за време на кризата, бидејќи не налагаат формално спроведување постапки за крајните корисници.

48 opserver.mk, „Граѓански организации бараат системски и трајни решенија за проблемите на Ромите“ (29 ноември 2019) <https://opserver.mk/politika/gragjanski-organizacii-baraat-sistemski-i-trajni-reshenija-za-problemite-na-romite/> пристапено на 30 март 2020.

49 Службен весник на Република Северна Македонија, Закон за неевидентирани лица во матична книга на родени.

# Активности на донатори и невладини организации

Меѓународните донатори и невладините организации дадоа свој придонес насочен кон поддршка на социјално-загрозените Роми. Имено, Фондацијата „Отворено општество“ – Македонија на втори април објави дека се предвидени 100.000 долари за хуманитарни пакети за најзагрозените ромски семејства во државата со планиран опфат од „10.000 граѓани во 2.000 семејства кои живеат во скопско Шуто Оризари, Тетово, Гостивар, Битола, Прилеп, Куманово, Делчево, Виница, Пехчево и село Црник“.[50] За имплементација на активностите беа вклучени Црвениот крст, заедно со локалните ромски невладини организации „Романо Чачипе“, ИРИЗ – Скопје, „Сонце“ – Тетово, „Станица П.Е.Т.“ – Прилеп, НРЦ – Куманово, НВО КХАМ – Делчево, ХОПС – Скопје и Центарот за деца на улица – Шуто Оризари. Дополнително, на 27 април беше објавено дека се испланирани дополнителни 1.260 хуманитарни пакети со опфат од 5.000 граѓани во општините Берово, Радовиш, Струмица, Кавадарци, Неготино, Кичево, Кочани, Штип и Велес.[51] Програмата РОМАКТЕД на Советот на Европа беше вклучена во олеснување на состојбата на ранливите Роми. Преку нивните претставници и претставниците од локалните самоуправи беа обезбедени ваучери и хуманитарни пакети со храна и хигиенски средства на ромски семејства од Тетово и Битола, а дополнително преку нивните структури беа помогнати активностите на Фондацијата „Отворено општество“ – Македонија за дистрибуирање на нивните хуманитарни пакети во предвидените општини.[52]

Други активности на поддршка и помош кон ромските семејства вклучуваат и информативни видеозаписи за објаснување на мерките на Владата за време на кризната состојба[53], инфографици на ромски јазик за заштита на бремените жени од КОВИД-19[54], делење прирачници за справување со вирусот[55] и делење на хуманитарни пакети од различни ромски организации на локално ниво во заедниците каде што дејствуваат.

50 fosm.mk, „Фондацијата ’Отворено општество‘ – Македонија донира 100.000 долари за најзагрозените ромски семејства“ (2 април 2020) <https://fosm.mk/vazni-informacii/fondaczijata-otvoreno-opshtestvo-makedonija-donira-100-000-dolari-za-najzagrozenite-romski-semejstva/?fbclid=IwAR1fpLBgLPKqPeBKyGo-JNTR6yndlk6QwrAAup7DkMaHg7JblFAEsBwOjJk> пристапено на 27 април 2020.

51 fosm.mk, „Фондацијата ’Отворено општество‘ – Македонија донира дополнителни 1.260 хуманитарни пакети за најзагрозените ромски семејства“ (27 април 2020) <https://fosm.mk/vazni-informacii/fondaczijata-otvoreno-opshtestvo-makedonija-donira-dopolnitelni-1-260-humanitarni-paketi-za-najzagrozenite-romski-semejstva/> пристапено на 27 април 2020.

52 ROMACTED Programme, „ROMACTED Assistance and Contribution to Actions during the COVID-19 Pandemic in North Macedonia“ (16 April 2020) <https://pjp-eu.coe.int/en/web/roma-local-governance/-/romacted-assistance-and-contribution-to-actions-during-the-covid-19-pandemic-in-north-macedonia?fbclid=IwAR1P-BQ73nJWdDSzB_UWJa9ONV2ZcnkQnbtMn3Dy-K5CF64m_US_u9IqwEs> пристапено на 27 април 2020.

53 Romano Chachipe, „Важна информација во полето на социјална заштита“ (15 април 2020) <https://www.facebook.com/watch/?t=13&v=246822276514243> пристапено на 27 април 2020.

54 Roma Women and Youth Association „Luludi“, „Sar Šaj o Khamne Džuvlja Te Arakhenpes Taro Covid-19“ (22 април 2020) <https://www.facebook.com/romaNgoluludi/photos/pcb.1939236002876396/1939234486209881/?type=3&theater> пристапено на 27 април 2020.

55 Romano Chachipe, „Истовремено во 400 семејства се поделени прирачници за справување со КОВИД-19 од техничката поддршка ЕСЕ“ (10 април 2020) <https://www.facebook.com/romanochachipe2018/posts/2840820329340692?__tn__=-R> пристапено на 27 април 2020.

# Заклучок

Немањето пристап до инфраструктура, средства и достојна/формална работа ја прави дел од ромската заедница најпогодена од кризата предизвикана од КОВИД-19. Во услови кога здравјето и егзистенцијалните потреби им се загрозени, потребно е насочена акција и активности кон олеснување на овие состојби. Економските и социјалните мерки на Владата можат само на краток рок делумно да им го олеснат животот на овие луѓе, но нема да им ги решат проблемите што ќе останат да висат по завршување на оваа состојба. Затоа што ситуацијата со вирусот ја засега целата држава и поради фактот што голем дел населението економски зависи од мерките и бенефициите што се кројат за време на вонредната состојба, во секој случај не е очекувано Владата за време на кризата да ги реши сите постојни проблеми на ромската заедница. Сепак, во однос на постојните мерки, останува да се види како и колку мерките ќе бидат апсолвирани од страна на ромската заедница и каков ефект ќе има врз нивниот живот за време на кризата. Веќе е евидентно некористењето на мерките од страна на оние што не се впишани во матичната книга на родените, па затоа по завршувањето на кризата Владата ќе мора да обрне внимание да ги обезбеди условите за доследна имплементација на Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени, но и да обезбеди основни инфраструктурни услови што не се на задоволително ниво во многу ромски населби ширум државата.

# Препораки

## ОБРАЗОВАНИЕ

- Потребно е да се намали јазот на писмената помеѓу ромското население и неромското население преку насочени политики и програми за поттикнување на образованието на ромската заедница.
- Владата треба да направи напори да овозможи основни електронски уреди и пристап до интернет за секое дете.
- Да се осмислат и да се спроведат програми за помош и поддршка на Ромите-родители, за да можат да ги поддржат децата во процесот на „далечинско образование", вклучително и преку програмите за дигитална писменост.

## ЗДРАВСТВО

- Да се овозможи бесплатен пристап до маски и хигиенски средства за сите социјално ранливи Роми.
- Да се подобри пристапноста до здравствените институции, вклучително и преку подобрување на инфраструктурата кај ромските заедници во поглед на пристап до вода, канализација, асфалтиран пат и болници. Во оваа насока, потребно е да се легализираат одредени населени места или да се најде решение за соодветна реалокација на ромските населби.
- Да се најде трајно решение за недостигот на гинеколошки услуги во општината Шуто Оризари.
- Да се реши и проблемот со недостиг на матични лекари во Шуто Оризари.
- Да се подигне свеста кај здравствените работници во однос на третманот на припадниците на ромската заедница, особено жените Ромки при пристап до здравствени услуги. Потребно е темелно да се истражат сите спорни случаи во однос на третманот, особено за време на пандемијата.

## ПРАВО НА ДОСТОЈНА РАБОТА

- Владата да креира политики за формализирање на оние што се вклучени во неформалниот начин на заработка, имајќи предвид дека со нивната работа тие придонесуваат кон почиста еколошка средина.
- Потребни се таргетирани и применливи политики и мерки за пристап до програмите за вработување кај ромската заедница.
- Потребни се насочени политики за жената Ромка, со цел намалување на јазот во однос на вработеноста, вклучително и преку дополнителни напори од страна на институциите и граѓанските организации за понатамошно подготвување и вклучување на Ромките на пазарот на труд.

## СЛОБОДА НА ДВИЖЕЊЕ

- Потребно е да се подигне свеста за расното профилирање на различни службеници.
- Надлежните институции треба да ги истражат сите спорни случаи познати во јавноста.

## ОСНОВНИ УСЛОВИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА И СЛОБОДИТЕ

- Владата да ги задолжи надлежните институции да ги подготват подзаконските акти за доследна примена на Законот за неевидентираните лица во матичната книга на родени.

# Библиографија


1. AECOM International Development Europe SL, „Извештај за социјално мапирање“ (2019) <http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti/2019/Social%20mapping%20report%20final_Macedonian.pdf> пристапено на 24 април 2020
2. Alsat-m.tv, „Шутка остана без гинеколог, побегна во Ченто“ (24 јануари 2020) <https://www.alsat-m.tv/mk/шутка-остана-без-гинеколог-побегна-во/> пристапено на 28 април 2020
3. European Roma Rights Centre, „9 Month Pregnant Romani Woman Dies After Waiting Six-Hours For COVID-19 Test Results to Get Emergency Care“ (6 April 2020) <http://www.errc.org/news/9-month-pregnant-romani-woman-dies-after-waiting-six-hours-for-covid-19-test-results-to-get-emergency-care?fbclid=IwAR02ttx4u4nqsyNF6Yc9ENrFV3AMnhIe15uz-PQ33HIAowNMS1IFeQzjRtE> пристапено на 28 април 2020
4. fosm.mk, „Фондацијата ʼОтворено општествоʻ – Македонија донира 100.000 долари за најзагрозените ромски семејства“ (2 април 2020) <https://fosm.mk/vazni-informacii/fondaczijata-otvoreno-opshtestvo-makedonija-donira-100-000-dolari-za-najzagrozenite-romski-semejstva/?fbclid=IwAR1fpLBgLPKqPeBKyGo-JNTR6yndlk6QwrAAup7DkMaHg7JblFAEsBwOjJk> пристапено на 27 април 2020
5. —— „Фондацијата ʼОтворено општествоʻ – Македонија донира дополнителни 1.260 хуманитарни пакети за најзагрозените ромски семејства“ (27 април 2020) <https://fosm.mk/vazni-informacii/fondaczijata-otvoreno-opshtestvo-makedonija-donira-dopolnitelni-1-260-humanitarni-paketi-za-najzagrozenite-romski-semejstva/> пристапено на 27 април 2020
6. International Monetary Fund, „Republic of North Macedonia: Request for Purchase Under the Rapid Financing Instrument-Press Release; Staff Report; and Statement by the Executive Director for the Republic of North Macedonia“ (21 April 2020) <https://www.imf.org/en/Publications/CR/Issues/2020/04/16/Republic-of-North-Macedonia-Request-for-Purchase-Under-the-Rapid-Financing-Instrument-Press-49340> пристапено на 24 април 2020
7. iportal.mk, „Прв случај на коронавирус во РСМ“ (26 февруари 2020) <https://iportal.mk/makedonija/video-vo-zhivo-prv-sluchaj-na-korona-virus-vo-rsm/> пристапено на 11 мај 2020
8. irl.mk, „Од 300 луѓе кои минале на Деве Баир, само 9 Роми се однесени во групен карантин“ (20 март 2020) <https://irl.mk/od-300-lue-koi-minale-na-deve-bair-samo-9-romi-se-odneseni-vo-grupen-karantin/> пристапено на 24 април 2020
9. mkd.mk, „Еве што значи да си Ромка и да се пораѓаш во државна клиника“ (25 јуни 2016) <https://www.mkd.mk/makedonija/eve-shto-znachi-da-si-romka-i-da-se-poragjash-vo-drzhavna-klinika> пристапено на 13 мај 2020
10. nezavisen.mk, „Обезбедени 100.000 бесплатни маски за граѓаните на Куманово, Прилеп и Тетово“ (25 април 2020) <https://nezavisen.mk/obezbedeni-100-000-besplatni-maski-za-gragjanite-na-kumanovo-prilep-i-tetovo/> пристапено на 27 април 2020
11. opserver.mk, „Граѓански организации бараат системски и трајни решенија за проблемите на Ромите“ (29 ноември 2019) <https://opserver.mk/politika/gragjanski-organizacii-baraat-sistemski-i-trajni-reshenija-za-problemite-na-romite/> пристапено на 30 март 2020
12. Roma Women and Youth Association „Luludi“, „Sar Šaj o Khamne Džuvlja Te Arakhenpes Taro Covid-19“ (22 април 2020) <https://www.facebook.com/romaNgololudi/photos/pcb.1939236002876396/1939234486209881/?type=3&theater> пристапено на 27 април 2020
13. ROMACTED Programme, „ROMACTED Assistance and Contribution to Actions during the COVID-19 Pandemic in North Macedonia“ (16 април 2020) <https://pjp-eu.coe.int/en/web/roma-local-governance/-/romacted-assistance-and-contribution-to-actions-during-the-covid-19-pandemic-in-north-macedonia?fbclid=IwAR1P-BQ73nJWdDSzB_UWJa9ONV2ZcnkQnbtMn3Dy-K5CF64m_US_u9IqwEs> пристапено на 27 април 2020
14. Romalitico, „Eu Progress Report – Roma Integration in North Macedonia 2019“
15. Romano Chachipe, „Истовремено во 400 семејства се поделени прирачници за справување со КОВИД-19 од техничката поддршка ЕСЕ“ (10 април 2020) <https://www.facebook.com/romanochachipe2018/posts/2840820329340692?__tn__=-R> пристапено на 27 април 2020
16. —— „Важна информација во полето на социјалната заштита“ (15 април 2020) <https://www.facebook.com/watch/?t=13&v=246822276514243> пристапено на 27 април 2020
17. slobodnaevropa.mk, „ЕУ ги затвори границите за државјани од трети земји“ (17 март 2020) <https://www.slobodnaevropa.mk/a/30493710.html> пристапено на 24 април 2020
18. Телевизија 24, „Во карантинот во Пепелиште нема хигиенски услови“ (17 март 2020) <https://www.youtube.com/watch?v=mzZaJgXtKpk&feature=emb_title> пристапено на 27 април 2020
19. telma.com.mk, „Заштитните маски достигнаа цена од 30 денари“ (28 февруари 2020) <https://telma.com.mk/zashtitnite-maski-dostignaa-tsena-od-30-denari/> пристапено на 27 април 2020
20. United Nations Children's Fund, „Discussion Paper Series: Children's Rights and Business in a Digital World. Access to the Internet and Digital Literacy“ (2017) <https://www.unicef.org/csr/css/UNICEF_CRB_Digital_World_Series_ACCESS.pdf> пристапено на 12 мај 2020

21. Агенција за вработување на Република Северна Македонија, „Преглед на невработени лица според национална припадност со состојба на 31.03.2020 година“ <https://av.gov.mk/content/Statisticki%20podatoci/Март%202020/03nacionalnost032020.xls.pdf> пристапено на 28 април 2020
22. Апелациски суд Битола, „Број на предмет: ГЖ-1671/19“
23. Влада на Република Северна Македонија, „Владата го донесе вториот пакет економски мерки за справување со кризата за да се сочуваат колку што може повеќе работните места на граѓаните и да му се помогне на стопанството“ (31 март 2020) <https://vlada.mk/node/20813> пристапено на 24 април 2020
24. Иницијатива на жени Ромки од Шуто Оризари, „Среќен 8 Март“ (6 март 2020) <https://www.facebook.com/watch/?v=2526010200999119> пристапено на 28 април 2020
25. Институт за човекови права, „Право на образование на децата Роми со посебен фокус на девојчињата Ромки“ (2016) <https://www.ihr.org.mk/pub/obrazovanie.pdf> пристапено на 11 мај 2020
26. „Кој се грижи за негувателките и негувателите? Унапредување на применетите политики за неформална долготрајна нега“ <https://epi.org.mk/docs/Policy_brief[MK].pdf>
27. Обединети нации, „Меѓународна конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација“ <http://healthrights.mk/pdf/Pravnici/Megjunarodni%20dokumenti%20i%20mehanizmi%20za%20zastita%20na%20covekovite%20prava/ON/6-%20Конвенција%20за%20елиминирање%20на%20сите%20форми%20на%20расна%20дискриминација.pdf> пристапено на 24 април 2020
28. „Одлуки од 22. седница на Владата: Владата предложи Собранието на Република Северна Македонија да утврди постоење на вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија заради спречување на внесување, ширење и справување со коронавирус“ (18 март 2020) <https://vlada.mk/node/20588> пристапено на 24 април 2020
29. Рома СОС Прилеп, „Наративот за здравјето на Ромите: Навиките се менуваат доколку перцепцијата за проблемите се промени во релацијата пациент – здравствен работник!“ (2017) <http://romasosprilep.org/wp-content/uploads/2017/09/Javen-dokument_MK.pdf> пристапено на 24 април 2020
30. Ружица Фотиновска, „Вкупните приходи во буџетот во април намалени за 38,15%“ (12 април 2020) <https://www.24.mk/details/vkupnite-prikhodi-vo-budzetot-vo-april-namaleni-za-38-15> пристапено на 23 април 2020
31. „Состојба со КОВИД-19 во Северна Македонија и светот 29.4.2020“ (29 април 2020) <https://www.iph.mk/%d1%81%d0%be%d1%81%d1%82%d0%be%d1%98%d0%b1%d0%b0-%d1%81%d0%be-covid-19-%d0%b2%d0%be-%d1%81%d0%b5%d0%b2%d0%b5%d1%80%d0%bd%d0%b0-%d0%bc%d0%b0%d0%ba%d0%b5%d0%b4%d0%be%d0%bd%d0%b8%d1%98%d0%b0-%d0%b8-7/> пристапено на 13 мај 2020
32. Сребра Ѓорѓијевска, „Изјава на Алвин Салимовски, директор на училиштето ’Браќа Рамиз-Хамид‘“ (22 април 2020) <https://deca.mk/rechisi-1-000-uchenitsi-vo-braka-ramiz-hamid-vo-shuto-orizari-se-izolirani-od-nastava-drugata-polovina-koristat-zum/> пристапено на 23 април 2020
33. Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, „Ромите се меѓу најранливите групи во состојба на пандемија“ (8 април 2020) <https://makfax.com.mk/makedonija/%D1%85%D0%B5%D0%BB%D1%81%D0%B8%D0%BD%D1%88%D0%BA%D0%B8-%D0%BA%D0%BE%D0%BC%D0%B8%D1%82%D0%B5%D1%82-%D1%80%D0%BE%D0%BC%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D1%81%D0%B5-%D0%BC%D0%B5%D1%93%D1%83%D0%BD%D0%B0%D1%98%D1%80/> пристапено на 11 мај 2020
34. Закон за измена и дополнување на Законот за средното образование, 2007 (Службен весник на Република Македонија, бр. 49/07)
35. Одлука за дополнување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, 2020 (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 78/20)
36. Одлука за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 72/20)
37. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, 2020 (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 66/20)
38. Одлука за изменување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, 2020 (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 92/20)
39. Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 104/20)
40. Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија за период од 30 дена, 2020 (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 68)
41. Уредба со законска сила за носење лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од коронавирусот КОВИД-19 и заштита на населението за време на вонредна состојба, 2020 (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 107/20)
42. Уредба со законска сила за примена на Законот за заштита на населението од заразни болести за време на вонредна состојба, 2020 (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 72/20)
43. Уредба со законска сила за примена на Законот за здравственото осигурување за време на вонредна состојба, 2020 (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 92/20)
44. Уредби со законска сила за примена на Законот за основно образование и Законот за средно образование, 2020 (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 76/20)